АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Примено / Pranuar: 03. 02. 2020

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 437 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 јануари 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јануари 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 10 декември 2019 година, за непочитување на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-518 од 10 декември 2019 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (12.12.2019 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 21 јануари 2020 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 64 став 1** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*